РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

# У П А Т С Т В О

## ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПОЛИЦАЕЦ И УЧЕСНИЦИ НА КОНТИНУИРАНА И МЕЃУНАРОДНА ОБУКА

Скопје, март 2023 година

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), министерот за внатрешни работи донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИ ЗА ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПОЛИЦАЕЦ И УЧЕСНИЦИ НА КОНТИНУИРАНА И МЕЃУНАРОДНА ОБУКА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цел
### Член 1

Со ова упатство се пропишува оценувањето на кандидатите за основна обука за полицаец (во натамошниот текст: кандидати) и учесниците на континуирани и меѓународни обуки.

### Опфат на процесот на оценување
### Член 2

Процесот на оценување ги опфаќа критериумите, сегментите и методите за оценување на кандидатите, спроведување на оценувањето преку тестови утврдени со ова упатство, постапката за дополнително оценување и изготвувањето на ранг-листа на кандидатите, како и оценувањето на учесниците на континуирана обука при успешно завршена континуирана обука што ја спроведува Центарот за обука (во натамошниот текст: Центарот) во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството).

### Значење на изразите
### Член 3

Одделни изрази употребени во ова упатство го имаат следново значење:

1) „Оценување“ е вршење на проценка и утврдување на успешноста на слушателите во совладување на компентенциите, што се врши на пропишан начин при нивна проверка и според пропишана постапка;

2) „Работна компентенција“ е збир од знаења, вештини, однесувања и лични карактеристики на кандидатот или учесникот од кои зависи успешноста за извршување на работата на работното место. Компентенциите можат да бидат: клучни компентенции и неклучни компентенции.

3) „Критериум“ е категорија според која се проценува и утврдува успешноста на слушателот во совладување на компентенциите;

4) „Модул“ е период од четири месеци од кои три месеци во Центарот и еден месец на теренска обука. Основната обука е поделена на три модули во кои се содржат девет сегменти за одредени суштински активности кои кандидатите треба да ги совладаат;

5) „Сегменти за оценување“ се области во кои секој кандидат е потребно да совлада одредени компетенции за одредена суштинска активност во секој модул од обуката;

6) „Формулар за оценување“ е лист со компентенции за одредена суштинска активност со кој слушателот се оценува и во кој определен број на компетенции се клучни компетенции, а преостанатите се неклучни компетенции;

7) „Евидентен лист од оценување“ е образец од поединечна евиденција за секој кандидат во кој се внесуваат постигнати резултати по сегменти и по модули во текот на обуката и други важни информации за кандидатот;

8) „Ранг-листа“ е листа која се изготвува во форма на редослед на кандидатите според вкупните резултати што ги остварил кандидатот во рамки на основната обука за полицаец;

9) „Елаборат“ е документ во кој се објаснети сите методи, начини и критериуми од оценувањето кој го донесува раководителот на Центарот, најдоцна еден месец пред започнувањето на обуката;

10) „Тест за мерење компетенции“ е инструмент за мерење компетенции на кандидатите и учесниците преку писмет тест на знаење и/или практичен тест во реална или симулирана ситуација кадешто се обезбедува автентична сложеност на реалноста;

11) „Оправдано отсуство“ е секое отсуство од обука кое кандидатот го оправдува со соодветна медицинска или друг вид документација доставена до одговорниот на тим во рок од три дена од завршување на отсуството.

## II. КРИТЕРИУМИ, СЕГМЕНТИ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ОСНОВНА ОБУКА ЗА ПОЛИЦАЕЦ

### Критериуми
### Член 4

(1) Оценувањето на кандидатите за основна обука за полицаец се врши според следните два критериуми:

1) условни критериуми и

2) резултатски критериуми.

Условните критериуми (во натамошниот текст: услови) се критериуми што кандидатот задолжително треба да ги исполни за да биде оценуван за резултати и за да биде внесен и рангиран во ранг-листата на Кандидати.

(2) Условите се оценуваат описно и тоа:

- исполнил или
- не исполнил.

(3) Резултатските критериуми (во натамошниот текст: резултати) се квантитативно изразени критериуми што кандидатот во обуката ги остварил во одреден степен и покажаните резултати на кандидатот се основа за внесување и рангирање на кандидатот во ранг-листата на кандидатите.

(4) Резултатите се изразуваат со број на остварени бодови.

## Сегменти

## Член 5

(1) Кандидатите се оценуваат во девет сегменти за оценување, односно структурни елементи на обуката, и тоа:

1) Теренска обука-пракса;

2) Теоретска обука;

3) Полициско-тактичка обука (логорување);

4) Одбранбени техники и општо физичко;

5) Ракување со оружје и гаѓање;

6) Странски јазик;

7) Дополнителни писмени задачи;

8) Редовност и

9) Прва помош.

(2) Сегментите од ставот (1) точки 1, 2, 4, 5, 6, 7 и 8 се оценуваат во сите три модули од основната обука.

## Оценување

## Член 6

(1) Оценување на кандидатите се врши преку тестовите за мерење на компетенции на крајот од секој модул и тоа преку:

- практичен тест и

- писмен тест на знаење.

(2) Практичниот тест е начин на кој се проверува во колкав степен кандидатите ги совладале определените компетенции што се потребни за практично изведување на определена задача и истиот се спроведува со изведување на определени дејствија од страна на кандидатите во автентична (реална) или симулирана ситуација.

(3) Со практичниот тест во автентична (реална) ситуација се оценуваат одредени вештини кај кандидатите при практично постапување и преземање на мерки и дејствија за решавање на одредени задачи од полициското работење на работното место.

(4) Со практичниот тест во симулирана ситуација, се оценуваат одредени вештини кај кандидатите кои не се во можност да се изведат во реална ситуација односно преку практичен пример. Овој тест може да се изведе во Центарот или во друга безбедна средина.

(5) Со писмените тестови на знаење се врши проверка на теоретското знаење на кандидатите кои го стекнале за одредена суштинска активност.

(6) Сите тестови за мерење на компетенции што се изведуваат практично или со симулација се оценуваат со формулар за оценување.

## III. НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ НА КАНДИДАТИТЕ И НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА БОДОВИ

**Оценување во сегментот „Теренска обука-пракса"**

**Член 7**

(1) Оценувањето во сегментот „Теренска обука – пракса" го организираат оценувачи од Центарот, а го изведуваат теренски оценувачи преку практичен тест.

(2) Се смета дека кандидатот го положил практичниот тест доколку ги положи сите клучни компетенции и 60% од неклучните компентенции во оценувачкиот формулар.

(3) Од сегментот „Теренска обука – пракса", за еден модул, кандидатот може да стекне најмногу 100 бодови, но не помалку од 60 бодови, за да го положи практичниот тест.

**Оценување во сегментот „Теоретска обука'**

**Член 8**

(1) Оценувањето во сегментот „Теоретска обука" се врши преку спроведување писмен тест на знаење кој го организираат и спроведуваат оценувачи од Центарот.

(2) Тестовите од ставот (1) на овој член, може да бидат составени од 42, 21, 14 или 7 прашања.

(3) Во тестот што е составен од 42 прашања, секој одговор се вреднува со по еден бод.

(4) Во тестот што е составен од 21 прашање, секој одговор се вреднува со по два бода.

(5) Во тестот што е составен од 14 прашања, секој одговор се вреднува со по три бодови.

(6) Во тестот што е составен од 7 прашања, секој одговор се вреднува со по шест бодови.

(7) Од сегментот „Теоретска обука", во еден модул, кандидатот може да стекне најмногу 42 бодови, но не помалку од 16 бодови за да го положи писмениот тест на знаење.

**Член 9**

(1) За време на полагање на тестовите од членот 8 од ова упатство, на кандидатите не им се дозволува користење на стручна литература, мобилен телефон, преносни компјутерски уреди и други технички и информатички средства, претходно подготвени предмети и слично, ниту му се дозволува да контактира со други кандидати или лица.

(2) Доколку кандидатите при полагање на тестовите постапуваат спротивно на ставот (1) на овој член, нема да им се дозволи натамошно полагање, при што одговорниот обучувач го одзема тестот и се потпишува, притоа впишувајќи "0" бодови.

**Оценување во сегментот „Полициско-тактичка обука (логорување)“**
**Член 10**

(1) Оценувањето во сегментот „Полициско-тактичка обука (логорување)“ го спроведуваат редовни обучувачи и се врши само во третиот модул од основната обука за полицаец.

(2) Оценувањето на покажаните способности во сегментот „Полициско-тактичка обука (логорување)“ се врши описно и тоа:

- исполнил или
- не исполнил.

(3) Кандидатот кој нема да присуствува на спроведувањето на сегментот „Полициско-тактичка обука (логорување)“ поради болест или други оправдани причини за кои претходно доставил писмено известување и покрај отсуството во овој сегмент на обуката, се внесува и се рангира во ранг-листа на кандидати.

(4) Оценувањето на покажаните способности во полициско-тактичката обука се евидентира поединечно за секој кандидат во евидентниот лист од оценување.

**Оценување во сегментот „Одбранбени техники и општо физичко“**
**Член 11**

(1) Оценувањето во сегментот „Одбранбени техники и општо физичко“ го организираат и спроведуваат предметни редовни обучувачи и оценувачи од Центарот и други вонредни обучувачи од Министерството.

(2) Бодовите од сегментот „Одбранбени техники и општо физичко“ кандидатот ги стекнува врз основа на практичен тест.

(3) Од сегментот „Одбранбени техники и општо физичко“, во еден модул, кандидатот може да стекне најмногу 19 бодови, но не помалку од 7 бодови за да го положи практичниот тест.

**Оценување во сегментот „Ракување со оружје и гаѓање“**
**Член 12**

(1) Оценувањето во сегментот „Ракување со оружје и гаѓање“ го организираат и спроведуваат предметни редовни обучувачи и оценувачи од Центарот и други вонредни обучувачи од Министерството.

(2) Бодовите од сегментот „Ракување со оружје и гаѓање“ кандидатот ги стекнува врз основа на практичен тест.

(3) Од сегментот „Ракување со оружје и гаѓање“ во еден модул, кандидатот може да стекне најмногу 10 бодови, но не помалку од 4 бодови за да го положи практичниот тест.

**Оценување во сегментот „Странски јазик“**
**Член 13**

(1) Оценувањето во сегментот „Странски јазик“ го организираат и спроведуваат предметни редовни обучувачи и оценувачи од Центарот и други вонредни обучувачи од Министерството.

(2) Бодовите од сегментот странски јазик кандидатот ги стекнува врз основа на писмен тест на знаење.

(3) Од сегментот „Странски јазик", во еден модул, кандидатот може да стекне најмногу 9 бодови, но не помалку од 3 бодови, за да го положи писмениот тест на знаење.

**Оценувањето во сегментот „Дополнителни писмени задачи"**
**Член 14**

(1) Во рамките на сегментот „Дополнителни писмени задачи", кандидатот за еден модул од обуката треба да изготви осум домашни задачи од соодветна суштинска активност, есеј, анализа на случај и уредно да пополни дневник за теренска обука.

(2) Домашните задачи, есејот и анализата на случај се услов за полагање писмен тест на знаења, а дневникот за теренска обука е услов за полагање практичен тест.

**Оценување во сегментот „Редовност"**
**Член 15**

(1) Доколку кандидатот отсуствува од Центарот и од обука од оправдани причини не му се одземаат бодови од сегментот „Редовност".

(2) За секое оправдано отсуство од 6 наставни часови во Центарот, односно една работна смена за време на сегментот „Теренска обука-пракса", на кандидатот му се одзема по еден бод.

(3) За секое неоправдано отсуство од еден наставен час во текот на еден модул на обуката на кандидатот му се одзема по еден бод од вкупниот број на бодови од сегментот редовност. Како неоправдано отсуство од еден наставен час во текот на еден модул се смета и кога кандидатот е отстранет од час поради недолично и неетичко однесување за време на наставата.

(4) За секои два неоправдани отсуства од утринска смотра на кандидатот му се одзема по еден бод од вкупниот број на бодови од сегментот редовност. Како неоправдано отсуство од смотра се смета и кога кандидатот е отстранет од смотра од одговорниот работник.

(5) За секое неоправдано отсуство за време на теренска обука-пракса за една работна смена на кандидатот му се одземаат шест бодови од сегментот редовност.

(6) Од сегментот „Редовност", во еден модул кандидатот може има најмногу 20 бодови.

**Член 16**
**Оценување во сегментот „Прва помош"**

(1) Оценување во сегментот „Прва помош" се врши само во вториот модул од основната обука за полицаец.

(2) Оценувањето на покажаните способности во прва помош се врши описно:

- исполнил или
- не исполнил.

**Член 17**

**Пресметување на бодови**

(1) За да биде внесен и рангиран во ранг-листата на кандидати потребно е кандидатот:

- да го положи практичниот тест за секој сегмент соодветно за кој е предвидено полагање практичен тест, во секој од модулите;
- да го исполни сегментот сегментот „Полициско-тактичка обука (логорување)";
- да стекне најмалку 40% од бодовите во секој од сегментите за оценување, освен од сегментите „Полициско-тактичка обука (логорување)" и „Редовност";
- да ги изготви дополнителните писмени задачи во секој модул од основната обука;
- да го исполни сегментот „Прва помош";
- да освои не помалку од вкупно 60% од сегментите „Теоретска обука", „Одбранбени техники и општо физичко", „Странски јазик", „Ракување со оружје и гаѓање" и „Редовност", во секој од модулите и
- да освои 60% од сегментот „Теренска обука-пракса", за секој модул.

(2) Кандидатот кој нема да исполни еден од условите од ставот (1) на овој член не ја завршува обуката.

**Периодично и вкупно оценување**

**Член 18**

(1) По спроведеното периодично оценување, за кандидатот кој претходно ги положил условните критериуми, се собираат сите бодови што ги стекнал според резултатските критериуми од сите сегменти за оценување во еден модул од обуката и истите се внесуваат во Евидентниот лист од оценување на кандидатот.

(2) Еден кандидат од сите сегменти за оценување, во еден модул, може да стекне најмногу 200 бодови, но не помалку од 120 бодови, односно 60 бодови од сегментите „Теоретска обука", „Одбранбени техники и општо физичко", „Ракување со оружје и гаѓање", „Странски јазик" и „Редовност" и 60 бодови од сегментот „Теренска обука – пракса".

(3) Кандидатот кој нема да го освои потребниот минимум за еден модул од обуката од ставот (2) на овој член, не ја завршува обуката.

(4) Кандидатот кој нема да го освои утврдениот минимум во сегментите поединечно, во секој модул во основната обуката, не ја завршува обуката.

(5) На крајот од секој модул од обуката се објавува ранг-листа на кандидатите со вкупни резултати од сите сегменти на оценувањето.

(6) Постапката за пресметување на резултатите на наведениот начин се спроведува за секој кандидат во секој модул од основната обука.

(7) По завршеното оценување во сите три модули од основната обука, се собираат сите бодови на кандидатот од сите модули и се внесуваат како резултати во ранг-листата на кандидатите.

(8) Еден кандидат, од сите сегменти за оценување, во сите три модули може да стекне најмногу 600 бодови, но не помалку од 360 бода, односно 60% од вкупниот број на бодови.

(9) Кандидатот кој нема да го освои потребниот минимум, односно 60% од вкупниот број на бодови од сите модули нема да ја заврши обуката и не се рангира во ранг листата.

(10) За кандидатите кои нема да го постигнат потребниот минимум на бодови по сегменти или во модул, раководителот на Центарот го известува министерот за внатрешни работи заради раскинување на договорот.

## IV. ПОСТАПКА НА ДОПОЛНИТЕЛНО ОЦЕНУВАЊЕ

### Повторно тестирање
### Член 19

(1) Кандидатот кој при оценувањето во било кој сегмент на оценување за еден модул на обука не ги положил условните критериуми или нема да го стекне утврдениот минимум од бодовите за соодветниот сегмент, има право на повторно тестирање.

(2) Центарот организира, а редовните обучувачи и оценувачи спроведуваат повторно тестирање во рок од три работни дена по објавувањето на резултатите, без претходно пријавување од страна на кандидатите.

(3) Кандидатот кој не положил и по повторното тестирање од ставот (2) на овој член, има право на тестирање по третпат пред Комисија за тестирање во Центарот.

(4) Кандидатот потребно е да го пријави тестирањето по третпат до Комисијата за тестирање, во рок од пет дена од соопштувањето на резултатите од претходното тестирање.

(5) Доколку кандидатот кој при оценувањето за еден модул од обуката не ги положил условните критериуми и при повторните тестирања не се стекнал со утврдените минимум бодови во секој сегмент, истиот не ја продолжува обуката во наредните модули, за што писмено се известува министерот за внатрешни работи за постоење основ за раскинување на договорот.

(6) Комисијата за тестирање од ставот (3) на овој член, на предлог на раководителот на Центарот, ја формира министерот за внатрешни работи најдоцна 30 дена од денот на отпочнување на основна обука за полицаец и истата е составена од три члена и нивни заменици од редот на редовните обучувачи од Центарот.

### Евидентен лист од оценување
### Член 20

(1) За секој кандидат Центарот води евидентен лист за оценувањето.

(2) Во Евидентниот лист од оценување од ставот (1) на овој член се внесуваат резултати со вкупниот број на бодови кои кандидатот ги стекнал во текот на обуката, согласно резултатските критериуми.

(3) Содржината на Евидентниот лист од оценување е дадена на Образец бр.1, кој е составен дел на ова упатство.

## V. РАНГ-ЛИСТА

**Изготвување на ранг-листа**
**Член 21**

(1) По завршување на основната обука за полицаец, Центарот врз основа на покажаните резултати на Кандидатите изготвува ранг-листа на кандидатите.

(2) Ранг-листата е листа која се изготвува во форма на редослед на кандидатите според вкупните резултати што ги остварил кандидатот.

(3) Ранг листата од ставот (2) на овој член, ја потпишува раководителот на Центарот и ја доставува до министерот за внатрешни работи.

## VI. КРИТЕРИУМИ И ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНА И МЕЃУНАРОДНА ОБУКА

**Критериуми**
**Член 22**

Оценување на учесниците во континуирана обука се врши на учесници кои се упатени на обука за која е утврдена потреба за издавање потврда/сертификат за успешно завршена обука.

**Начин на оценување**
**Член 23**

Учесниците на континуирана обука се оценуваат преку тестовите за мерење на компетенции, и тоа:

1) писмен тест на знаење и/или

2) практичен тест.

**Оценување**
**Член 24**

(1) Практичниот тест е начин на кој се проверува во кој степен учесникот ги совладал определените компетенции што се потребни за практично изведување на определена задача за која се обучува и истиот се спроведува со изведување на определени дејствија од страна на учесникот во автентична (реална) или симулирана ситуација.

(2) Со практичниот тест во автентична (реална) ситуација се оценуваат одредени вештини кај учесникот при практично постапување и преземање на мерки и дејствија за решавање на одредени задачи за кои се обучува.

(3) Со практичниот тест во симулирана ситуација, се оценуваат одредени вештини кај кандидатот, а кои не се во можност да се изведат во реална ситуација односно преку практичен пример. Овој тест може да се изведе во Центарот или во друга безбедна средина.

(4) За да го положи практичниот тест учесникот е потребно да ги положи сите клучни компетенции и 60 % од неклучните компетенции.

(5) Со писмените тестови на знаење се врши проверка на теоретското знаење на учесникот кој го стекнал за одредена суштинска активност.

(6) За да го положи писмениот тест учесникот е потребно да точно да одговори на 60 % од писмениот тест.

(7) Сите тестови за мерење на компетенции што се изведуваат практично или со симулација се оценуваат со формулар за оценување, кој се изготвува за секоја обука поединечно и во зависност од истата.

(8) Учесникот кој нема да положи од првпат има право на едно дополнително полагање истиот ден.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 25

Со влегувањето во сила на ова упатство престанува да важи Упатството за оценување на кандидатите за полицаец на основна обука за полицаец и изготвување на ранг-листа на кандидатите за полицаец бр.12.1-59152/1 од 08.10.2012 и бр.12.1-2851/1 од 14.01.2014 година.

### Член 26

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

Број 13.1.1-35408/1
30.03.2023 2023 година
Скопје

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Оливер Спасовски